Акционерска друштво
ОРАНЖЕРИИ
Бр. 03-1040/5
03.06. 20 24 год.
с.Хамзали Босилово

Акционерското собрание на АД Оранжерии -Хамзали на својата седница одржана на 03.06.2024 година расправајќи по годишната сметка и работење за 2023 година на АД Оранжерии - Хамзали ја донесе следната :

# О Д Л У К А

За усвојување на годишната сметка и работење на

АД Оранжерии - Хамзали за 2023 година:

## Ч Л Е Н 1

СЕ УСВОЈУВА годишната сметка и работење за 2023 година на АД Оранжерии Хамзали, со следните финансиски показатели:

Вкупни приходи ........................................ 746.666.700,00 ден.

Вкупни расходи ......................................... 680.666.947,00 ден.

Добивка пред оданочување ..................... 65.999.753,00 ден.

Данок од добивка ....................................... 6.961.348,00 ден.

Добивка за финансиска година .................. 59.038.405,00 ден.

## Ч Л Е Н 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ

Председавач

Татјана Балџиева

Акционерско друштво А.Д ОРАНЖЕРИИ с.Хамзали Босилово

Т. Балџиева

Акционерско друштво
ОРАНЖЕРИИ
Бр. 03-1040/2
03.06. 2024 год.
с.Хамзали Босилово

Акционерското собрание на АД Оранжерии -Хамзали на својата седница одржана на 03.06.2024 година расправајќи по добивката од годишната сметка и работење за 2023 година на АД Оранжерии-Хамзали донесе:

**О Д Л У К А**

ЧЛЕН 1

СЕ ДОНЕСУВА ОДЛУКА **ДА** добивката утврдена во годишната сметка и работење за 2023 година на АД Оранжерии Хамзали не се исплаќа како дивиденда на акционерите и истата да се реинвестира.

ЧЛЕН 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ

Председавач,

Татјана Балџиева

Т. Балџиева

Акционерско друштво ОРАНЖЕРИИ Бр.03-1040/3 03.06.2024 год. с.Хамзали Босилово

Акционерското собрание на АД Оранжерии -Хамзали на својата седница одржана на 03.06.2024 година расправајќи по ревизорскиот извештај за деловната 2023 година на АД Оранжерии - Хамзали од ревизорска куќа Ревизија Костески , овластен ревизор Горан Костески ја донесе следната :

# О Д Л У К А

За усвојување на Извештајот за ревизија

на Финансиските извештаи за деловната 2023 година

ЧЛЕН 1

СЕ УСВОЈУВА Извештајот за ревизија на финансиските извештаи за деловната 2023 година на АД Оранжерии - Хамзали од Ревизија Костески.

ЧЛЕН 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното потпишување.

АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ

Акционерско друштво А.Д ОРАНЖЕРИИ с.Хамзали Босилово

Председавач,

Татјана Балџиева

Т. Балџиева

Акционерско друштво
ОРАНЖЕРИИ
Бр. 03-1040/4
03.06. 2024 год.
с.Хамзали Босилово

Акционерското собрание на АД Оранжерии -Хамзали на својата седница одржана на 03.06.2024 година расправајќи по дневниот ред на Јавниот повик за акционерско собрание ја донесе следната одлука :

# О Д Л У К А

## ЧЛЕН 1

Се донесува Одлука за именување на овластен ревизор за годишната сметка за 2024 година.

Се именува ревизорската куќа Ревизија Костески - ул. Дамаска, бр.8а/1-6 од Скопје.

## ЧЛЕН 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното потпиешување.

АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ

Претседавач,

Татјана Балџиева

Т. Балџиева

Акционерско друштво
ОРАНЖЕРИИ
Бр. 03-1040/1
03.06 20 24 год
с.Хамзали Босилово

Акционерското собрание на АД Оранжерии -Хамзали на својата седница одржана на 03.06.2024 година расправајќи по Годишниот извештај за работа на Управниот Одбор за деловната 2023 година донесе :

# О Д Л У К А

За усвојување на годишниот извештај за работа на Управен Одбор на АД Оранжерии - Хамзали за деловната 2023 година.

## Ч Л Е Н 1

СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работа на Управниот Одбор на АД Оранжерии - Хамзали за длеовната 2023 година со сите финансиски податоци кои ги содржи Годишниот извештај.

## Ч Л Е Н 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ

Претседавач

Татјана Балџиева

Т. Балџиева

Акционерско друштво А.Д ОРАНЖЕРИИ с.Хамзали Босилово

Акционерско друштво
ОРАНЖЕРИИ
Бр. 03-1040
03.06.2024 год.
с.Хамзали Босилово

# З А П И С Н И К

Од одржаното годишно собрание на акционери на АД Оранжерии Хамзали на ден 03.06.2024 година,со почеток во 10:00 часот, во просториите на седиштето на Друштвото,со следниот

## Д н е в е н  р е д

1. Избор на записничар и двајца уверувачи на записникот

2. Верификација на списокот на присутни акционери односно полномошници

3. Утврдување на кворум за работа и одлучување

4. Избор на преседавач на собранието

5. Усвојување на записникот од претходната седница на собранието

6. Разгледување на годишната сметка и работењето за деловната 2023 година и донесување на одлука за усвојување

7. Донесување на Одлука за добивката утврдена во завршната сметка за 2023 год. не се исплаќа дивиденда на акционерите и истата да се реинвестира

8. Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работа на Управниот одбор на АД Оранжерии Хамзали

9. Извештај за завршна ревизија за 2023 година со мислење од овластен ревизор

10. Донесување на Одлука за именување овластен ревизор за годишна сметка за 2024 година

За водење на овој записник за записничар се преложи и усвои лицето Ивана Митева, а за оверачи на записникот се избрани Марјан Делев и Стојанчо Стојанов, а за верификација на присутни акционери се избрани Марјан Делев,Стојанчо Стојанов и Ивана Митева.

Пријавени и присутни акционери на годишното собрание е еден акционер Васе Митев од Струмица со 661.865 акции со право на глас што претставува 661.865 гласа или 90,93 % од вклупниот број на акции односно гласови.

За претседавач на акционерското собрание на предлог на Васе Митев се избира Татјана Балџиева од Струмица, со 661.865 гласа **"ЗА"** без ниеден "против" и "воздржан".

Претседавачот констатира дека кворум за работа има и се премина кон усвојување на дневен ред.

Потоа се премина на работниот дел Усвојување на записникот од претходното собрание.

Како на изнесениот записник од последното собрание не се јави за дискусија никој истиот со 661.865 гласа **ЗА** беше усвоен без ниеден против и воздржан.

По точката разгледување на завршаната сметка за деловната 2023 година реферираше одговорно лице за сметководство Слободанка Панова и ги изнесе следните податоци:

Вкупни приходи..........................................................746.666.700,00 ден.

Вкупни расходи..........................................................680.666.947,00 ден.

Добивка пред оданочување................................................65.999.753,00 ден..

Данок од добивка..........................................................6.961.348,00 ден.

Добивка за финансиска година............................................59.038.405,00 ден.

Потоа предложената завршна сметка и работење за 2023 год.беше ставена на дискусија и претседавачот ја стави на усвојување.

Годишната смета и работење за 2023 година беше усвоена со 661.865 гласа **ЗА** и без ниеден против и воздржан.

Распределбата на добивката утврдена во завршната сметка ќе се искористи во реинвестирање и нема да се исплаќа како девиденда на акционерите.

Извештајот за работа на управниот одбор се разгледа и усвои едногласно.

Потора беше изнесена годишната ревизија за 2023 година и даденото мислење од дадената куќа Ревизија Костески од Скопје овластен ревизор Горан Костески.

По наредната точка со 661.865 гласа **ЗА** и ниеден против и воздржан се одлучи и ја именува ревизорска куќа да биде Ревизија Костески –ул. Дамаска бр.8а/1-6 од Скопје за 2024 година.

Откако дневниот ред беше исцрпен претседавачот објасни дека Годишното собрание е завршено.

Завршено во 12:00 часот.

| Записничар | Оверачи на записникот | Претседавач |
|---|---|---|
| ______________ | 1. ______________ | ______________ |
| Ивана Митева | Марјан Делев | Татјана Балџиева |

2. ______________

Стојанчо Стојанов